Уп. бр. 08-167

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од АГНА – Акционерско друштво со седиште во Ѓирокастер, Врисера, Република Албанија, доставено преку Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АГНА – Акционерско друштво со седиште во Ѓирокастер, Врисера, Република Албанија, има намера да стекне единствената контрола врз компанијата Друштво за трговија на големо и мало МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје, со регистрирано седиште во Скопје, на адреса ул. Борис Трајковски бр.288, Република Северна Македонија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 25.11.2025 година, а дополнето на 09.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на АГНА – Акционерско друштво со седиште во Ѓирокастер, Врисера, Република Албанија, со која АГНА – Акционерско друштво, ќе стекне единствената контрола врз компанијата Друштво за трговија на големо и мало МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје, со регистрирано

седиште во Скопје, на адреса ул. Борис Трајковски бр.288, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

АГНА АД Албанија има претежна дејност трговија на големо и дистрибуција на стоки за широка потрошувачка (FMCG) и тоа прехранбени производи, производи за лична хигиена, производи од тутун, безалкохолни и алкохолни пијалоци.

Како дополнителни дејности се производство и продажба на безалкохолни и алкохолни пијалоци, логистика и транспорт на стоки, како и дејности поврзани со градежништвото, вклучувајќи инвестиции во изградба, купување и продажба на земјиште, туристички комплекси, хотели и слични инфраструктурни проекти. Со своите увозно-извозни операции, мрежа за дистрибуција, логистички капацитети и производствени активности во прехранбениот и алкохолниот сектор, АГНА АД Албанија претставува активен учесник на албанскиот пазар на дистрибуција, трговија и производство на прехранбени и производи за широка потрошувачка.

АГНА АД Албанија е присутна во Република Северна Македонија преку својата подружница АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 7 - Скопје, целосно во сопственост (100%) на АГНА АД  од Албанија.

АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ се занимава со издавање, управување и инвестирање во недвижен имот. Понатаму, АГНА ИНВЕСТМЕНТ ДООЕЛ Скопје е единствен сопственик (100% удел) на ПЕВЕЦ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје, друштво активно во секторот градежништво, со фокус на изградба на станбени и други градежни објекти (сеуште во фаза проектна документација).

МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје обезбедува услуги на трговија на големо со стоки за широка потрошувачка (храна, пијалоци, кондиторски производи, средства за лична хигиена и средства за чистење), како и производство на кондиторски производи и пуканки. Најголем дел од своите приходи МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје ги остварува на домашниот пазар на Република Северна Македонија, со помал сегмент на приходи од извоз на сопствено производство.

МАКО-МАРКЕТ ДОО Скопје е присутно на целата територија на Република Северна Македонија преку логистички центар, производствен погон и развиена дистрибутивна и продажна мрежа, со сопствен продажен тим и сопствена логистичка и дистрибутивна мрежа со сопствени возила, преку кои врши директна дистрибуција до своите купувачи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**